Врз основа на член 20 од Уставот на Република и член 5 и 20 од Законот за здруженија и граѓани и фондации, Собранието на Здружението на граѓани „Новинари за човекови права„ со седиште во Скопје, на седницата одржана на 01.03.1999 година, донесе

# СТАТУТ
## на Здружението на граѓани „Новинари за човекови права“ од Скопје

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1
Здружението на граѓани "Новинари за човекови права“ со седиште во Скопје е здружение на граѓани, непрофитно и невладино, формирано со слободно здружување на граѓаните, односно доброволно учество на новинари кои пишуваат за правата на жената и децата и заштитаат на животаната средина, заради остварување на своите лични и заеднички цели и интереси и вршење на дејности и активности усмерени кон афирмација на правата на женара и децата независно од вератам националната и друга припадност, изработка на проекти кои ги допираат овие области и прашања што подразбира и поширока комуникација и асоцијација со сродни домашни и меѓународните конвенции кои го бранат интересот и правата на жената и децата со цел за хуманиторно делување во оваа област, како и пишување и активно учество во проекти кои се однесуваат на заштита на животната средина.

### Член 2
Новинарите како граѓани на Република Македонија се здружуваат во Здружение на граѓани „Новинари за човекови права” со седиште во Скопје, заради остварување на поширок опѓтествен интерес преку што се задоволуваат потребите од информираност на јавноста за конкретни проблеми и адекватно можно учество на здружението во решавање на истите.

### Член 3
Член на Здружението на граѓани "Новинари за човекови права” – Скопје, може да биде секој полнолетен граѓанин, новинар – државјанин на Република Македонија, кој доброволно же пристапи кон Здружението со даваењена писмена изјава.

Зачленувањето на Здружението се врши со пристапница,односно со издавање на членска книќка, која при исклучување или престанок на членувањето во Здружението, задолжително се враќа, Здружението на граѓани “Новинари за човекови права” – Скопје, за своите членови води регистер на членството, кој се ажурира еднаш годишно.

Член 4
Членот има право да биде биран во органите на Здружението, да учествува во работата на Здружението и да придонесува во развојот и популарноста на Здружението, да биде заштитен правно, со јавне протест или петиција односно со соодветна форма на заштита,а неговиот престанок на членување во Здружението може да биде самоиницијативен или со исклучување доколку работи спротивно на нормите пропишани во овој Статут или го руши угледот на НВО-то.

Член 5
Обврски на членовите на Здружението се:-редовно да ја плаќаат членарината во износ од 100,00 ден. месечно;
- да присуствуваат на состаноците;
- Да земаат конкретно учество во спроведување на Програмата на активностите на Здружението;

Член 6

Здружението на граѓани "Новинари за човекови права” – Скопје, како здружение на граѓани своите цели, задачи и дејности же ги остварува во согласност со односите уредени со Уставот на Република Македонија, овој Статут како и со друго законски норми кои ја регулираат материјата на оваа област.

ИМЕ И СЕДИШТЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 7
Називот на здружението на граѓани е: Здружение на граѓани “Новинари за човекови права“ – Скопје (во натамошниот текст замо Здружение)

Член 8

Седиштето на Здружението е во Скопје, на ул. Венијамин Мачуковски „А-3/16, Скопје. Здружението се организира и делува на територија на Македонија.

Член 9

Здружението е правно лице и има свој печат и штембил.

Печатот е тркалезен, во пречник од 5 см. и го содржи името на здружението: Здружение на граѓани "Новинари за човекови права" – Скопје, впишано на македонски јазик со кирилско писмо.

Штембилот на Здружението е правоаголен и на него е испишан следниот текст:

Здружение на граѓани "Новинари за човекови права" – Скопје

Број____________

_______/________ година

Скопје

Член 10

Работата на Здружението е јавна.

Јавноста во работењето се обезбедува со редовно известување на членовите на здружението на граѓани за сите облици на работење, со увид во спроведувањето на програмските задачи, со поднесување извештај за работа на органите и телата на Здружението, за материјално-финансиските работење и друго.

За информирањето на членовите и пошироката јавност се користи шечатот, радиото, телевизијата.

За информирање на членовите и на пошироката јавност Здружението може да издава списанија.

## ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОСТАВРУВАЊЕ

Член 11

Граѓаните се здружени во Здружение на граѓани "Новинари за човекови права" – Скопје заради остварување на поширок заеднички интерес, а како посебни цели и задачи се:

- Афирмација на правата на жените и на децата независно од верата, националната и друга припадност, нивно образование и дообразование;
- Активно да учествува во подготовка за законски прописи и меѓународни конвенции со цел да го брани интересот на жената и

децата, со што ќе се придонесе за поголема афирмација и учество на жената во јавниот живот, како и за правата на децата ( обавезно основно образование, здрава животна средина, почитување на човековите права, здравствена едукација...);
- Покрај меѓусебното дружење на неговите членови, низ низа конкретни превземање да влијае врз јавното мислење на домашна и меѓународна територијам на пример за зцврстување на економски, културни, научни,с портски, технолошки, образовни и други контакти низ целата територија на Република Македонија, надвор од неа, како и со сите граѓани кои би овозможиле хуманоста да не биде само збор, туку и дело.
- Да работи на проекти кои ќе влијаат на поврзување на жените од повеќе земји;
- Да работи на проекти кои се однесуваат на меѓусебна соработка на децата од цел свет
- Формирање на дом за бездомници
- Издавање на информатор
- Медиумска презентација на проектите (документарни емисиим постери, видео-слајдови, брошури итн)
- Преведување на странска литература која с еоднесува на правата на жената и на децата
- Асоцирање со други сродни, меѓународни НВО- и
- Водње камапања против сексуалната злоупотреба на жената и на децата
- СОС телефон
- Претставување на состојбите од областа на правата на жената и на децата на меѓународни средби и конференции
- Пишување и информирање за заштитата на животната средина

## ФИНАНСИРАЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 12

Здружението остварува средства од:
- Членарина
- Донации

Член 13

Користењето и располагањето со средствата на Здружението добиени по посните од претходниот член се врши на начин утврден со овој Статут и останатите законски норми.

Член 14

За користењето и располагањето на средставата или за формирање на посебни фондови одлучуваат органите на Здружението, согласно надлежностите утврдени со овој Статут, кои превземаат мерки за економско целесообразно користење на средтсавата и за спречување и отстранување на незаконитостите.

Член 15

Здружението донесува годишен финансиски план за приходите и расходите на Здружението. Финансискиот план ги содржи приходите кои се стекнуваат по член 13 од Статутот, како и расходите за планираните активности, за заедничка потрошувачка на вработените, материјални трошоци за работата на Здружението и други расходи сврзани со работата.

## ОРГАНИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 16

Здружението го претставува и застапува прет трети лица Претседателот кој е избран од зврншиот одбор на Здружението.

Органи на Здружението се:

1. Собрание
2. Извршен одбор
3. Претседател
4. Секретар

Член 17

Собранието го сочинуваат сите членови на Здружението.

Член 18

Собранието се состанува по потреба, а најмалку еднаш годишно.

Права и должности на членот се:

- да избира и да биде биран во органите на Здружението;
- да предлага решавање на прашања од заеднички интерес;

- да работи на развивање и унапредување на општествените и другите активности кои произлегуваат од Статутот, програмските цели и задачи и од усвоените одлуки и заклучоци;
- да ги спроведува во целост одредбите од Статутот и програмските активности;
- да ги застапува интересите и ставовите на Здружението;
- да бара стручна и друга помош од областа на материјата.

Член 19

Седници на Собранието свикува претседателот на Собранието.

Претседателот на Собранието е истовремено и Претседател на Здружението.

Седница на Собранието се свикува и по предлог на Извршниот одбор Извршниот одбор на Здружението или на 2/3 од вкупниот број членови на Собранието.

Ако претседателот на Собранието во рок од 14 дена од денот на дадениот предлог не свика седница, седницата ја свикува Извршниот одбор или иницијаторите.

Начинот на свикување на седниците на Собранието на Здружението се определува со Деловникот за работа на Собранието

Член 20

Собранието на Здружението од редовите на своите членови избира Извршен одбор.

Член 21

Собранието полноважно одлучува ако се присутни повеќе од една половина од вкупниот број на членови;

Собранието по правило на одлуките ги донесува со мнозинство гласови од вкупните членови;

Собранието на Здружението ги врши следните работи:

- го донесува Статутот на Здружението, програма и други акти и врши измени и дополнувања на истите;
- усвојува годишен извештај, насоки и план за работа;
- усвојува завршна сметка и финансиски план;
- избира и разрешува членови на Извршниот одбор;

- усвојува програмска ориентација за работа на Здужението за период од 4 години, операционализирано во годишните програми;
- го разгледува и усвојува извештајот за работана Извршниот одбор помеѓу две собранија;
- ја следи материјално- финансиската состојба на Здружението помеѓу две собранија;
- донесува одлуки, заклучоци, препораки за решавање на прашања од интерес на Здружението;
- одлучува за основање и укинување на ограноци и други облици на организирање на здружението;
- одлучува за здружување или разделување од друго здружение и за зачленување во сојузи и меѓународни организации;
- констатира прием на нови членови и престанок на членувањето;
- одлучува за престанок на здружението со двотретинско мнозинство;
- одлучува и за основање на трговски друштва;
- врши и други работи кои произлегуваат од Статутот и законите.

Член 22

На собрание се одлучува со јавно гласање.

Секој член на собранието има право на еден глас.

Член 23

Извшниот одбор на Здружението е извршен орган на Собраноието во кој секој член има еднакви права, обврски и одговорности за работењето и развојот на Здружението во согласност со Статутот.

Член 24

Извршниот одбор на Здружението брои 3 члена.

Мандатот на членовите на Извршниот одбор трае 4 години , со можност за уште еден избор.

Извршниот одбор од своите редови избира Претседател со мандат од 4 години , со можност за уште еден избор.

Член 25

Извршниот одбор ги врши следните работи:

- ги спроведува статутарните и програмските задачи на Здружението, како и одлуките и заклучоците на Собранието;
- донесува и реализира годишна програма за работа;
- предлага измени и дополнување на Статутот;

- донесува соодветни правилници , прифаќа спогодби и склучува договори;
- свикува седници на Собранието и припрема материјали;
- изменува и разрешува Претседател и секретар на здружението;
- донесува одлуки за формирање на постојни и повремени комисии, и ја насочува нивната работа;
- организира и активно учествува во организирањето на разни акции и манифестации;
- дионесува одлуки за награди, пофалници и признанија;
- одлучува за испраќање делегација од Здружението во земјата и странство;
- донесува одлуки за набавка и оттуѓување на основните средства;
- врши и други работи.

Член 26

Извршниот одбор за својата работа е одговорен пред Собранието на Здружението.

Извршниот одбор се состанува и одржува седници по потреба.

Седницата на Извршниот одбор ја свикува Претседателот.

Предлог за свикување на Извршниот одбор може да поднесе една третина од членовите на Собранието.

Со седницата раководи и претседава Претседателот, а во негово отсуство член кој ќе го избере Извршниот одбор.

Начинот на свикување на седницата и други прашања од работењето на Извршниот одбор се уредуваат со Деловникот за работа.

## СТРУЧНА СЛУЖБА НА ЗДРЖЕНИЕТО

Член 27

За извршување на административно-стручни, помошни и на нив слични работи од заеднички интерес за остварување на задачите и целите на Здружението се именува секретар на Здружението.

Член 28

Правата и обврските и одговорностите за работа на вработените во Стручната служба ги утврдува секретарот на Здржението согласност со законските норми и Статутот.

Член 29

Средствата за работа на стручната служба се определуваат со Финансиски план за секоја година и тоа: средства за плати, средства за

заедничка потрошувачка, средства за материјални трошоци, средства за посебна намена за нормално изврчување на функцијата.

Член 30

Извршниот одбор го именува и разречува секретарот согласно условите кои се утврдени со посебна одлука.

Секретарот за извршување на својата работа одговорен е пред Извршниот одбор.

Член 31

Права, обврски и надлежности на секретарот се:
-секретарот ги извршува сите права и обврски кои произлегуваат од Законот за работни односи;
-еден е од потписниците на сметката на Здружението;
-одговорен е за извршувањето на Финансискиот план и Програмата за работа
-се грижи за благовремено извршување на одлуките и заклучоците донесени од Собранието и Извршниот одбор;
- во правниот промет презема мерки и дејствија во име и за сметка на Здружението;
- се грижи за правилната примена на законските прописи од обласна на дејностите што ги врши Здружението;

ПРЕСТАНОК НА ЗДУЖЕНИЕТО

Одлука за престанок на Здружението донесува Собранието со двотретинско мнозинство.

Член 33

По престанокот на работата на Здружението, имотот и другите права и приходи што остануваат по намирувањето на обврските, преминуваат во сопственост на друго здружение со иста или слична активност.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 34

Право на толкување на одредбите на овој Статут има Собранието на Здружението, а помеѓу две собранија, Извршниот одбор на Здружението.

Член 35

Измени и дополнувања на овој Статут се вршат по иста постапка како и за негово донесување.

Член 36

Овој Статут влегува во сила со денот на донесувањето.

Врз основа на член 18 од законот за здруженија на граѓани и фондации, на Собранието на Здружението на граѓани “Новинари за човекови права“” одржано на 01.03.1999 година ја донесе следната: